u7538

ДНЕВНИК, ВТОРНИК, 23 ЈАНУАРИ 2001 1458, 5,

ПО ХУМАНИТАРНАТА АКЦИЈА НА "БЛАГОВЕСТИЕ"

# Директорката на „Градски аптеки" не кажува врз кои основи ја купи најскапата слика

Јавната здравствена организација "Градски аптеки" ја купила најскапата слика на аукцијата на хуманитарниот бал на фондацијата "Благовестие", напиша весникот "Вест". Според весникот, директорката Наташа Марковска - Василевска од името на претпријатието платила 14.500 германски марки за дело на нашиот сликар Рубенс Корубин. Со тоа директорката ја помогна хуманитарната акција на балот. Во "Градски аптеки" тврдат дека најскапата слика ја купил сопственикот на "Зегин", а тие купиле две слики по многу ниски цени.

На аукцијата, која се одржа на балот на "Благовестие", чиј претседател и основач е Снежана Георгиевска, сопругата на премиерот Љубчо Георгиевски, се собрани 114.500 ГМ, а наменети се за изградба на пристапни рампи за инвалидизирани лица на универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

Директорката на "Градски аптеки" не сака да контактира со новинари, а за обвинувањата во јавноста од нејзино име одговара секретарката на претпријатието. Според неа, "такви шпекулации и дезинформации не заслужуваат коментар, бидејќи тие купиле само две слики по многу ниски цени и тоа поради хуманост кон луѓето".

Затворените врати во ЈЗО "Градски аптеки" го оставаат отворено прашањето што е шпекулација: набавката на уметничка слика или незаконското трошење на парите. Со оглед на фактот што се работи за трошење јавни пари, фирмата е должна да излезе пред јавноста со информација за кои намени и според кои законски одредби се потрошени народните пари.

(Г.Д.М.)